
Печатено Издание

Powered by nextsense webBuilder

КУЛТУРА

### Константин Јанев, скулптор

# Керамиката влегува во областа на скулптурата

Гордана М. Блажевска


Константин Јанев

Константин Јанев се претстави со неговата последна изложба "Керамоскулптури", поставена во Културно-информативниот центар. Овој уметник ја одбира керамиката како материјал во кој помалку се препознаваат својствата на материјата а повеќе е ставен акцентот на формата. Делата се полни со енергија, инвентивност и фантазија, тие ја искажуваат авторовата инспирација која се огледа во рамнотежата на емоцијата и интелектот, јасно искажувајќи ја творечката зрелост на авторот, кој веќе и припаѓа на средната генерација уметници. Авторот нагласува дека свесно се движел по идејата делата да не бидат правени по одреден концепт, држејќи се до теоријата на привидниот хаос, односно, дека нештата се движат по организиран неред, свесно бегајќи од геометриските форми кои не можат да се најдат во природата.

Делата од последната ваша изложба се всушност скулптури изработени во керамика. Вакви изложби се вистинска реткост кај нас. Како ги прифаќа овие дела публиката?

Кај нашата публика постои непознавање на материјалот, конкретно на керамиката, дека таа може да ги носи тие вредности и како ликовност и како форма. Во главата керамиката е тоа, расветно тело, ќуп, или нешто што има употребна вредност. Кај нас генерално, многу малку се изложувани вакви дела. А второ кога ќе се појавиш со многу поголеми димензии тогаш се јавува една потполно збунувачка ситуација. И навистина мошне е интересен моментот кога публиката со чукање по делото се обидува да го одреди материјалот од кој е направена скулптурата. Мојата прва изложба во Стоби и оваа сега се единствени изложби на керамоскулптура, мислам на керамика што е третирана во поголема форма. За жал ние се уште го немаме симнато товарот на нагласувањето на технологијата на изведбата. Се прашувам зошто не постојат називи, металоскулптура, дрвоскулптура или каменоскулптура. Ние керамичарите се уште се бориме?

Вашата изложба ја насловивте керамоскулптури. Зошто имавте потреба да го објасните, во самиот наслов, материјалот во кој се направени скулптурите? Кој ви го наметна тоа?

Никој. Веројатно мојата неинвенција во моментов. Веројатно мојата потреба да кажам дека керамиката може да биде и ваква, но ова е последен пат.

Земајќи го во предвид фактот што од првата самостојна изложба ве делат седум години што беше одлучувачкото да ја направите оваа изложба? Пред две години престојував во Њујорк каде работев на еден проект во зградата на Обединетите Нации и престојував во ателјето на познатиот уметник Нил кој живее и работи во Њујорк. Бидејќи керамиката како сите дисциплини во уметноста си има свои движења и правци, во моментот во керамиката едно од најинтересните случувања е печењето на дрва. Њујорк го диктира темпото на дишењето на ликовната уметност во Америка а веројатно и на планетава. Овој град е посебна приказна во однос на другите ликовни центри, веројатно зашто ги има сите други луди услови за работа, но таму не може да се пече на дрво. Јас се вратив од таму со идеја да најдам печка, и тогаш се преселив во Пехчево и во еден стар напуштен погон, влетав и почнав да работам. Не постои керамичар што може да одолее на тој предизвик поради условите што се нудат: печка два метри широка и четири висока.

Љубовта кон глината, материјата, ја споивте со вашето знаење стекнато на педагошкиот оддел на ФЛУ, отсек вајарство? Што е примарно во вашата скулптура, формата или пак идејата?

bestnet
Telekabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
bio sph е решението што го барате
АЛКАЛОИД а.д.
Сите резултати укажуваат на еден единствен веб-сајт. www.setimes.com
граѓански СВЕТ во Македонија
Antenna 5.FM

nextsense
HOSTING SOLUTIONS
hosting On! partner
Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

Видете, глината е многу специфичен материјал. Таа се користи како негатив за лиење и доработување во вајарството, каде глината само учествува во постапката до реализација на делото. Меѓутоа глината кај мене е примарен материјал, на кој што останува формата во која се изразувам. Почнуваш со неа да работиш, можеш да ја контролираш до максимум, а најинтересно е што можеш да останеш чист и свеж во идејата, бидејќи секој потег е регистриран. Керамиката ги обединува најстарите примарни елементи за работа; земјата, водата, огнот, воздухот, значи, работиш со примарните алхемиски елементи.

Кога почнуваш да работиш едно дело дали однапред се придржуваш кон јасно издиференцирана идеја, замисла или пак делото во текот на работата претрпува и промени до неговиот конечен изглед?

За почеток повеќе имам приказна и некаква груба скица, а понатаму ме влече материјалот. Навистина може да правиш што сакаш со глината, таа ќути и трпи, меѓутоа и знае да повлече. Дозволувам да ме носи материјата, формата, се разбира во рамките на тоа технолошки да биде издржано бидејќи глината не знае да простува. И таа повлекува како материјал бидејќи уште додека ја работиш треба да знаеш како ќе ја сликаш. Бојата ја игра својата улога во процесот на создавање и таа самата се наметнува, значи како форма веќе размислуваш кои бои ќе ги употребиш и овие две работи ја формираат приказната.

Колку од современиот дизајн во керамиката се применува како употребна вредност во секојдневната керамика? Што обично луѓето бараат од вас како нарачка?

Пред се тоа што јас ќе им го понудам како добро. Бегам од утилитарното не затоа што мислам дека има помала вредност, туку едноставно сметам дека технолошки не сум опремен за да извадам квалитетен утилитарен предмет. Кај нас се неискористени потенцијалите. Нема да набројуваме фабрики каде може да се применува а не се прави тоа, од повеќе причини. Меѓутоа сепак мислам дека тоа не е мој домен. На изложбата направив две дела на инсистирање на луѓето што работат тука. Јас не бегам од нејзината употребна вредност. Меѓутоа моите размислувања за нејзината употребна вредност се движат до тука. Едноставно не сум дизајнер во вокација колку што сум автор.

Каква е состојбата на керамиката во светски рамки?

Она што денес го имаме во модерната керамика, на некој начин можеме да и кажеме благодарам на Америка, што на време сфатиле дека имаат материјал со кој можат да се играат. Тоа е таа слобода во изразот, ослободена од притисокот од старата европска школа. Затоа и го прифаќаат тој нов медиум како што е поп-артот, пластиката.. Керамиката излегува од рамките на таа употребна вредност и влегува во доменот на скулптурата. Финците имаат најраскошна дизајнерска школа во контекст и на утилитарното и во европски рамки. Русите се будат наголемо, тие имаат феноменални занаетчии. Мислам дека главниот збор во керамиката ќе го носи условно онаа што денес ја викаме транзициона, Источна Европа, каде се ослободуваат потиснатите потенцијали и можности, наметнати и поради идеолошкиот притисок, кои што сега ќе дојдат до израз.

Условите што ги нуди Пехчево посакавте да им ги покажете и на другите керамичари!

Во Пехчево сакам да направам меѓународна колонија на керамоскулптура. Колонијата во Ресен е со голема традиција но не постои колонија за керамика во голема форма. Тврдам дека секој керамичар што ќе го викнам ќе дојде бидејќи не може да одолее на предизвикот на голема форма. Тоа е едната страна а другата е што печењето е на дрво.

Македонија има голема традиција во обработка на керамиката. Колку се користи искуството од овие простори во совремниот дизајн?

Македонија има голема традиција а тоа го потврдуваат, "Адам" од Говрлево, "Божица-мајка", која до ден денес е ненадмината како дизајн, виничките теракоти... Употребната вредност на керамиката на овие простори е неограничена, од неолитот па се до појавата на пластиката. Но, социјализмот, како таков, ги собра занаетчиите во фабриките и на тој начин како да го уби занатството, коешто сега повторно се враќа.

Вие ја водевте галеријата "Арт-тера". Зошто не работи повеќе?

Бидејќи не работи цела чаршија. Во прашање е многу конкретна ситуација дека луѓето престанаа да доаѓаат во чаршијата. Прашањето не беше дали делото ќе го продадеш, понекогаш задоволството беше да ја раскажеш приказната за керамиката, и тоа беше доволно. Но се случуваше со месеци никој да не влезе и тогаш се губи смислата. Кога ја отворив, јас не се занесував дека ќе можам да хранам галерија од некои 60-тина квадрати. Носев керамика од Белград, тоа е град кој има прекрасна керамика, потоа од Загреб, Софија. . Имав идеја дека во тоа време кога пукаа работите дека Скопје ќе биде на некој начин Брисел. Но тоа сега е завршена приказна.

ЗА:
ФИРМИ,
БИЗНИСМЕНИ,
ПРАВНИ,
КАКО И
ФИЗИЧКИ ЛИЦА

абер
www.aber.net.mk

XML

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани